# Закон за изменување и дополнување на Законот за Народниот правобранител

**Член 1**

Во Законот за народниот правобранител („Службен весник на Република Македонија“ број 60/03,114/09, 181/16 и 189/16), по членот 11-б се додаваат 4 нови членови: 11-в, 11-г, 11-д и 11-ѓ, кои гласат:

„Член 11-в

Народниот правобранител заедно со претставници на невладини организации (здруженија) презема дејства и мерки за обезбедување поддршка и заштита на жртвата/ите, нивните права и презентирање на нивните интереси во сите постапки кои се водат во органите на државната управа, како и постапки пред обвинителството и судовите преку ефикасно и транспарентно истражување на постапувањето од страна на лица со полициски овластувања и припадници на затворската полиција за кривични дела при вршење на службено дејствие и за кривични дела извршени вон службата со употреба на сериозна закана, сила или средства за присилба што за последица има смрт, тешка телесна повреда, телесна повреда, противправно лишување од слобода, мачење и друго сурово, нечовечно или понижувачко постапување и казнување доколку со закон е предвидено кривично гонење по службена должност.

Народниот правобранител во случаи кога е потребно, во согласност со овластувањата од членот 32 од овој закон ќе предложи повторно спроведување на определена постапка пред надлежното јавно обвинителство.

Член 11-г

За реализација на надлежноста од членот 11-в од овој закон, Народниот правобранител - механизам за граѓанска контрола покрај овластувањата утврдени во членовите 24 и 32 од овој закон ги презема следниве дејствија и мерки:
- следење и мониторирање на начинот на постапување на сите инволвирани органи, организации и установи,
- да ги разгледа сите списи на внатрешните полициски истраги и на другите внатрешни истраги спроведени од надлежен орган, со право на увид во предметите, пристап кон сите релевантни документи (медицинска документација, изјави на жртвите и сведоците, како и на сторителите и сл), обезбедување на материјални и вербални докази, спроведување на сопствени интервјуа со жртвите, сведоците и сторителите,
- да врши посети во органите, организациите, установите инволвирани во случаите и да предложи повторно спроведување на определена постапка пред надлежниот орган и Јавното обвинителство,
- правна поддршка на жртвите и нивните семејства,
- рано предупредување на лица со полициски овластувања и припадници на затворската полиција,
- следење на примената на прописите, идентификување на пропустите и

поднесување иницијативи за измени и дополнување на закони и други подзаконски акти и нивно усогласување со меѓународни договори ратификувани во согласност со уставот на Република Македонија и
- преземање други мерки определени со закон.

Член 11-д

Во состав на Народниот правобранител - механизам за граѓанска контрола учествуваат три надворешни членови од здруженија.

Собранието на Република Македонија распишува јавен оглас за избор на здружение од областа на човековите права, полициското право и правосудството.

Јавниот оглас се објавува во најмалку два дневни весника од кои по еден од весниците што се издаваат на македонски јазик и во весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик.

Избраните здруженија номинираат по еден претставник за надворешен член во Народниот правобранител - механизам за граѓанска контрола, со мандат од една година.

Надворешните членови треба да ги исполнуваат следните услови:
- да е државјанин на Република Македонија,
- со правосилна судска пресуда да не им е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност,
- да имаат стекнато најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII степен на образование и
- да имаат пет години работно искуство кај невладини организации (здруженија) во областа на човековите права, полициското право и правосудството.

Народниот правобранител со номинираните лица склучува Договор за ангажирање со кој подетално се утврдуваат нивните права и обврски.

Начинот на работа на надворешните членови подетално ќе биде уреден со посебна Методологија за работа која ќе биде утврдена од сите членови на Народниот правобранител - механизам за граѓанска контрола, а која ќе биде одобрена од Народниот правобранител.

Член 11-ѓ

Народниот правобранител - механизам за граѓанска контрола покренува постапка по барање на странката - жртва или на член на неговото семејство, по иницијатива на претставници на невладиниот сектор, како и по сопствена иницијатива по добиени сознанија (допрен глас) за можни повреди на правото на живот и забрана на тортура од Европската конвенција за човекови права ратификувана согласно Уставот на Република Македонија.“.

**Член 2**

По членот 31-б се додава нов член 31-в, кој гласи:

„Член 31-в

Народниот правобранител - механизам за граѓанска контрола за реализација на овластувањата од членовите 11-в, 11-г, 11-д и 11-ѓ од овој закон, со цел утврдување на состојбите во врска со постапувањата извршени од страна на лица со полициски овластувања и припадници на затворската полиција, може да врши ненајавени посети во органите, институциите и установите.

Народниот правобранител - механизам за граѓанска контрола има пристап до класифицирани информации согласно прописите кои се однесуваат на класифицирани информации и докази без оглед на степенот на доверливост.

Органите, организациите и установите се должни да соработуваат со Народниот правобранител - механизам за граѓанска контрола и на негово барање да му ги обезбедат сите докази, податоци и информации без оглед на степенот на доверливост, и да му овозможат непречено спроведување на постапката.

За своето работење и спроведените дејствија, Народниот правобранител - механизам за граѓанска контрола подготвува извештај кој е составен дел од Годишниот извештај за степенот на обезбедувањето почитување, унапредување и заштита на уставните и законските права на граѓаните, кој го доставува до Собранието на Република Македонија, и јавно го објавува.

За одредени случаи Народниот правобранител - механизам за граѓанска контрола може да изготвува и Посебни извештаи.“.

**Член 3**

Во членот 45 по ставот (3) се додава нов став (4), кој гласи:
„(4) Народниот правобранител за реализација на надлежноста од членовите 11-в и 11-г од овој закон во рамките на стручната служба формира посебна организациона единица Народниот правобранител - механизам за граѓанска контрола.“

**Член 4**

Во членот 48 став (1) по зборовите „Средствата за работа на Народниот правобранител“ се додаваат зборовите: „Народниот правобранител - механизам за граѓанска контрола“.

По ставот (5) се додава нов став (6), кој гласи:
„Средствата за работа на Народниот правобранител - механизам за граѓанска контрола треба да бидат утврдени во Буџетот на Народниот правобранител како посебна буџетска подпрограма.

Ставовите (6) и (7), стануваат ставови (7) и (8).

**Член 5**

Актите за организација на работата и систематизација на работните места во стручната служба, тимот на Националниот превентивен механизам, посебните одделенија и канцелариите на Народниот правобранител ќе се усогласат со одредбите на овој закон во рок од три месеци од денот на неговото влегување во сила.

**Член 6**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија“.